Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 28 став (3), а во врска со член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10 и 136/11) и Уредбата за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/12) на седница одржана на ден 02.07.2015 година ги донесе следните

# Насоки за начинот на поднесување и пополнување на известување за концентрација [*]

(1) Во глава трета од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Закон), која се однесува на контрола на концентрациите е предвидено задолжително доставување на известување за концентрации до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) пред нивно спроведување, доколку ги исполнуваат условите утврдени во Законот.

(2) Подносителот на известувањето за концентрација е должен да ги прибави и на Комисијата да и ги достави сите податоци и докази потребни за оценка на концентрацијата за која се поднесува известувањето во смисла на одредбите од Законот и Уредбата за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето (во натамошниот текст: Уредба).

(3) Прилог 1на овие Насоки е образецот на првата страна на известувањето за концентрација кое се поднесува до Комисијата за заштита на конкуренцијата. Обрзецот е утврден согласно обврската од член 4 став (2) од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на РМ“ бр.79/13)

***Подносител на известувањето***

(3) Известувањето за концентрација го поднесуваат учесниците во концентрацијата, односно:

1) претпријатијата што се спојуваат - во случај на спојување на претпријатијата или делови од претпријатија;

2) стекнувачот на мнозинство на акции или удели или мнозинско право на глас - во случаите на купување на хартии од вредност или имот;

3) стекнувачот на контрола или решавачко влијание - во случај на стекнување на контрола или решавачко влијание врз претпријатијата на било кој друг начин;

4) сите учесници во создавање на заедничко вложување поднесуваат заедничко известување или учесникот што другите учесници го овластиле како свој заеднички претставник - во случај на заедничко вложување;

[*] Со оваа Уредба се врши усогласување со Регулатива на Комисијата (ЕК) бр. 802/2004 од 21 април 2004 година со која се имплементира Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 139/2004 за контрола на концетрациите помеѓу претпријатија, *OJ L 133, 30.4.2004, p. 1–39*, CELEX бр. 32004R0802

5) понудувачот - во случај на стекнување контрола или решавачко влијание врз основа на јавна понуда за откуп на хартии од вредност или на серија трансакции на хартии од вредност, вклучувајќи ги и оние кои се конвертибилни во други хартии од вредност наменети за тргување на пазарот согласно со закон;

6) сите учесници при стекнување на заедничка контрола поднесуваат заедничко известување или учесникот што другите учесници го овластиле како свој заеднички претставник - во случај на стекнување на заедничка контрола.

***Поднесување на известувањето***

(4) Известувањето заедно со прилозите се поднесува во писмена и електронска форма. Известувањето се поднесува на хартија А4 формат.

(5) Известувањето, прилозите и сите исправи кои се доставуваат кон известувањето се поднесуваат на македонски јазик. Доколку известувањето, прилозите и исправите кои се доставуваат кон известувањето се на странски јазик, подносителот на известувањето е должен, покрај оригинали, да достави и превод на македонски јазик од овластен преведувач.

(6) Следните прилози и исправи кои се доставуваат кон известувањето: правната работа што е основ на концентрацијата, финансиските извештаи за учесниците во концентрацијата за деловната година што и претходи на концентрацијата и извод од трговски регистар или друг регистар на правни лица од кој се видливи податоците за фирмата, седиштето и предметот на работење на учесниците во концентрацијата се доставуваат во оригинал или заверен препис.

(7) Известувањето и сите прилози се доставуваат во еден примерок. По исклучок, Комисијата во одредени случаи може да побара да се достават една или повеќе копии од целото известување и сите прилози кои не мораат да бидат заверени.

***Пополнување на известувањето***

(8) Подносителот го пополнува известувањето на следниот начин:

1) секој податок од член 3, односно член 4 од Уредбата мора да биде запишан на посебен лист, со можност по потреба да се додадат онолку листови колку што е потребно за тој податок да биде исцрпно и целосно претставен;

2) редниот број и точниот назив на секој поединечен податок, спрема редоследот како тие податоци се наведени во член 3, односно член 4 од Уредбата, се запишува на воочлив начин на врвот на листот;

3) под бројот и називот на податоците, запишани на начин опишан во паргарафот (8) точка 2 подносителот:

- запишува податоци, односно дава исцрпен и целосен опис на околностите кои се однесуваат на концентрацијата;

- запишува дека податокот не е релевантен за оценка на концентрацијата и ги наведува причините за тоа;

- во случаите од парграф (13) од овие насоки наведува од кого и кога се обидел овие податоци да ги прибави, причините заради кои не можел да ги прибави податоците и каде и од кого Комисијата може да ги прибави податоците кои недостасуваат;

4) позади текстот кој се однесува на поединечен податок ги наведува исправите, доказите, анализите, дијаграмите или други документи со кои се докажуваат поединечните наводи, а кои се доставуваат како прилози кон известувањето;

5) по потреба наведува и други податоци и описи за кои смета дека би можеле да и помогнат на Комисијата при оцена на концентрацијата за која се поднесува известувањето;

6) на крајот од известувањето на посебен лист на воочлив начин запишува "Прилози кон известувањето", под кое што ги набројува сите исправи и писмени докази, анализи и дијаграми кои се приложуваат кон известувањето.

**Содржина на известувањето, член 3 од Уредбата**:

(9) Во известувањето, согласно член 3 од Уредбата се доставуваат следните податоци и документи:

1) Кратко резиме на известувањето кое содржи: назив, седиште и предмет на работење на учесниците во концентрацијата, видот на концентрација (на пример, спојување, стекнување заедничка контрола и сл.) и пазарите на кои се однесува концентрацијата. ***Ова кратко резиме Комисијата го објавува на својата веб страната и истото не треба да содржи деловни тајни;***

2) Назив, седиште и предмет на работење на подносителот на известувањето; Се наведуваат податци само за учесникот кој де факто го поднесува известувањето;

3) Назив, седиште и предмет на работење на сите учесници во концентрацијата; Се наведуваат податоци за сите ученици во концентрацијата, односно за претпријатието/јата кои стекнуват контрола и за претпријатието/јата над кои се стекнува контрола, односно за претпријатијата кои се спојуваат, вклучувајќи ги сите претпријатија во кои се стекнува контрола или за кои се однесува одредена јавна понуда. Терминот учесници во концентрацијата исто така ги опфаќа и сите поврзани претпријатија кои припаѓаат на иста група;

4) Овластување на застапникот или полномошникот кој го поднесува известувањето како претставник на подносителот на известувањето; Се наведува застапникот или полномошникот кој го поднесува известувањето со наведување на контакт детали – име и презиме/назив, адреса, број на телефон и факс e-mail адреса;

5) Име, адреса, број на телефон, број на факс и е-маил адреса на лицето кое подносителот на известувањето го одредил како лице задолжено за контакти и соработка со Комисијата, ако станува збор за лице кое е различно од лицето кое го поднесува известувањето;

6) Детален опис на природата на концентрацијата, односно дали истата настанува со целосно спојување, со стекнување на заедничка или единствена контрола, заедничко вложување во смисла на член 13 став (4) од Законот, или пак концентрацијата настанува врз основа на договор или други средства за стекнување на директна или индиректна контрола во смисла на член 13 став (2) од Законот;

7) Наведување на правната основа на концентрацијата (име на исправата, деловен број, назив на странката во конкретната правна работа, место и датум на склучување на правната работа), а особено:

– договор за спојување;

– договор за припојување или соодветни одлуки на органите на претпријатието;

– договор со кои се стекнуваат акции или удели;

– договор за управување со друштвото;

– договор за пренос на добивка;

– одлуки за измена на статути, договор за друштвото или било кој друг акт кој на некој од учесниците му дава решавачко влијание;

– договор за закуп на имот на кој на некој од учесниците им дава решавачко влијание;

– јавна понуда за превземање;

– договор за заедничко вложување;

8) Попис на финансиските извештаи за годината што и претходи на концентрацијата (биланс на состојба, биланс на успех, известување за промена на главницата, податоци за висината на уплатените премии на друштвата за осигурување), како и други извештаи од кои се гледа финансиската состојба на учесниците во концентрацијата кои се доставуваат кон известувањето;

9) Вкупен годишен приход на учесниците во концентрацијата. Согласно член 16 од Законот при пресметка на вкупниот годишен приход се земаат износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и износите остварени од давање на услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие. Кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив. Во случај кога концентрацијата се однесува на стекнувањето на дел или делови од имотот на едно или повеќе претпријатија, без разлика дали тие делови се формирани како посебни правни субјекти, при пресметувањето на приходот остварен од страна на претпријатието што го продава тој имот, се зема предвид само приходот од имотот кој е предмет на стекнување.

**10)** Утврдување на релевантни пазари на стоки и соодветните релевантни географски пазари на кои делуваат учесниците во концентрацијата и нивните поврзани претпријатија и проценка на нивните пазарни удели (пресметани според обем и вредност на продажбите) пред и по спроведувањето на концентрацијата и доставување на информации во поглед на фактори релевантни за оценка на дефиницијата на релевантен пазар и анализи зошто стоките или услугите во тие пазари се опфатени, а други, пак, се исклучени со користење на дефиницијата за релевантен пазар**;**
Релевантниот пазар на стоки и релевантниот географски пазар го одредуваат опфатот во кои што ќе мора да се процени пазарната моќ на новиот субјект кој ќе резултира од концентрацијата[1].
Подносителот/лите на известувањето мора да ги достават бараните податоци, имајќи ги во предвид следните дефиниции:
Релевантен пазар на стоки е пазар на сите стоки и/или услуги што се сметаат за меѓусебно разменливи или заменливи за потрошувачот, според карактеристиките на стоките, нивните цени и нивната наменска употреба. Релевантен пазар на стоки, во некои случаи, може да се состои од повеќе поединечни стоки и/или услуги кои претставуваат во голема мера идентични физички или технички карактеристики, и кои се заменливи.
Фактори релевантни за оценка на релевантен пазар на стоки ги опфаќаат анализите зошто стоките или услугите во тие пазари се опфатени, а други, пак, се исклучени со користење на горната дефиниција, и имајќи ги во предвид, на пример, заменливоста, условите за конкуренција, цените, меѓуценовната еластичност на побарувачката или други фактори релевантни за дефинирање на пазарите за стоки (на пример заменливост од страна на понудата во некои случаи).
Релевантен географски пазар е пазар на подрачје во кое засегнатите претпријатија се вклучени во понудата и побарувачката на стоки и/или услуги, во кое условите за конкуренција се доволно хомогени и можат да се разграничат од соседните подрачја, според условите за конкуренција кои се значително различни во тие подрачја.

[1] види насоки на Комисијата за дефиницијата на релевантен пазар за целите на Законот за заштита на конкуренцијата.

Фактори релевантни за оценка на релевантните геогрфски пазари меѓу другото се и природата и карактеристиките на тие стоки или услуги, постоењето на бариери за влез, преференците на потрошувачите, забележливите разлики во пазарниот удел на претпријатијата помеѓу соседните географски области, или значителни разлики во цени.

***При утврдување на релевантни пазари се наведуваат следните пазари:***

- *Пазари на кои концентрацијата може да има значително влијание;*
- *Други пазари на кои концентрацијата може да има значително влијание и*
- *Пазари на кои концентрацијата може да има влијание.*

*Пазари на кои концентрацијата може да има значително влијаниесе пазарите на кои:*

-двајца или повеќе учесници во концентрацијата се ангажирани во деловни активности поврзани со истиот пазар на стоки и географски пазар (хоризонтални односи), при што нивниот заеднички пазарен удел е 15% или повеќе;

-еден или повеќе учесници во концентрацијата се ангажирани во деловни активности на пазар на стоки кој е нагорен или надолен пазар во однос на пазарот на стоки на кој учествува било кој друг учесник во концентрацијата (вертикални односи), при што нивните индивидуални или заеднички пазарни удели изнесуваат 25% или повеќе без разлика дали има или не било каков однос на релација понудувач/потрошувач помеѓу учесниците во концентрацијата[2].

*Други пазари на кои концентрацијата може да има значително влијание:*

Врз основа на горните дефиниции, да се опише опфатот во смисол на пазар на стоки и географски пазар, на пазари кои се различни од пазари на кои концентрацијата може да има значително влијание идентификувани погоре, а на кои концентрацијата за која е поднесено известувањето сепак може да има значително влијание, на пример, во случаи кога:

- било од која од учесниците во концентрацијата има удел на пазарот поголем од 25% и било кој друг учесник во концентрацијата е потенцијален конкурент на тој пазар. Учесникот во концентрацијата може да се смета дека е потенцијален конкурент, особено доколку тој има планови за влез на пазарот или има развиено или, пак спроведувал такви планови, во изминатите две години;

- било од кој од учесниците во концентрацијата има пазарен удел поголем од 25% и било кој друг учесник во концентрацијата е сопственик на важни права на интелектуална сопственост за тој пазар;

- било кој од учесницте во концентрацијата е присутрен на пазар на стоки, кој е соседен пазар, тесно поврзан со пазарот на стоки во кој е инволвиран било кој друг учесник во концентрацијата, и поединечниот или заедничкиот пазарен удел на учесниците на било кој од овие пазари е 25% или повеќе. Пазарите на стоки се тесно поврзани соседни пазари тогаш кога стоките се

[2] на пример, доколку еден учесник во концентрацијата има удел на пазарот поголем од 25% на пазар кој е нагорен пазар на пазарот во кој е активен другиот учесник, тогаш и двата пазари (нагорниот и надолниот) се пазари на кои конценрацијата може да има значително влијание. Слично на тоа, доколку вертикално интегрирано претпријатие се спои со друго претпријатие кое е активно на надолен пазар, и ова спојување резултира во заеднички удел на надолниот пазар од 25% и повеќе проценти, тогаш и двата пазари (нагорниот и надолниот) се пазари на кои конценрацијата може да има значително влијание.

комплементарни меѓусебно[3] или кога тие припаѓаат на асортиман на стоки кои обично се купуваат од иста група на купувачи за иста крајна употреба[4];

*Пазари на кои концентрацијата може да има влијание се сите релевантни пазари на стоки и релевантни географски пазари, како и сите можни алтернативно дефинирани пазари на стоки и географски пазари на кои :*

- двајца или повеќе учесници во концентрацијата се ангажирани во деловни активности поврзани со истиот пазар на стоки и географски пазар (хоризонтални односи);

-еден или повеќе учесници во концентрацијата се ангажирани во деловни активности на пазар на стоки кој е нагорен или надолен пазар во однос на пазарот на стоки на кој учествува било кој друг учесник во концентрацијата (вертикални односи), без разлика дали има или не било каков однос на релација понудувач/потрошувач помеѓу учесниците во концентрацијата.

*Информации за пазарите*

За секој од горенаведените, за секоја од последната финансиска година се наведуваат следните податоци:

- проценка на вкупната големина на пазарот во смисол на вредност која се остварува преку продажба (во евра) и обем (единици)[5]. Се наведуваат основите и изворите за пресметките, и се доставуваат документи, доколку истите се достапни, како поткрепа на овие пресметки;

- продажбите во вредност и во обем, како и проценка на пазарниот удел за секој од учесниците во концентрацијата. Исто така се наведува дали во последните три години имало значителни промени во продажбите и во пазарните удели;

11) Попис и проценка на пазарните удели на главните конкуренти на учесниците во концентрацијата на релевантниот пазар; Се наведува проценка на уделот на пазарот во вредност (и во обем, кога тоа е соодветно) на тројцата најголеми конкуренти (вклучувајќи ги и увозниците);

12) Структура на имателите на акции и удели во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред и после спроведената концентрација (изразена во проценти);

13) Попис на други претпријатија на релевантниот пазар во кои учесниците во спојувањето поединечно или групно имаат 10 % или повеќе удели во основниот капитал односно 10 % или повеќе право на глас, со краток опис на основните дејности на тие претпријатија;

14) Попис на сите претпријатија на релевантниот пазар во кои членови на управните или надзорните одбори се истовремено членови на управните или надзорните одботи на учесниците во концентрацијата, со краток опис на основната дејност на тие претпријатија;

---

[3] Стоките (или услугите) се нарекуваат комплементарните тогаш кога, на пример, употребата (или потрошувачката) на една стока суштински имплицира употреба (или потрошувачка) на некоај друга стока, како што е, на пример хефталка и спојувалки, компјутерски принтер и мастило за принтерот, и сл.

[4] примери за производи кои спаѓаат во таков асортиман на производи би биле џин и виски кои се продаваат во баровите и ресторантите, и разни материјали за пакување на одредена категорија стоки кои се продаваат на производителите на тие стоки.

[5] вредноста и обемот на пазарот треба да го рефлектира производството минус извозот плус увозот за географската област која е предмет на разгледување.

15) Наведување на други тела овластени за оценка на концентрацијата надвор од територијата на Република Македонија на кои им е поднесено барање за оценка на истата концентрација или постои намера за поднесување на такво барање;

16) Детален опис на организацијата на мрежата на дистрибуција и малопродажбата на стоки и/или услуги на релевантниот пазар, со посебен опис на мрежата на дистрибуција и малопродажба која ја користат учесниците во концентрацијата (сопствена, договорна и др.);

17) Опис на извршени или планирани истражувања и вложувања во развој на учесниците во концентрацијата (форма и вид на вложување или истражување, нивното значење за производството и прометот на стоките и/или услугите на релевантниот пазар, износот на средствата кои се вложени за таа цел или се планира да се вложат и др.;

18) Страшките и економските причини за настанување на концентрацијата;

19) Опис и детално образложение на очекувани поволности кои ќе произлезат од спроведувањето на концентрацијата за потрошувачите, а особено:

- намалување на цените на стоките и/или услугите;
- зголемување на квалитетот на стоките и/или услугите,
- воведување на иновации,
- зголемување и проширување на можностите за избор на стоки и/или услуги за потрошувачите;

20) Потпис на подносителот на известувањето или на лицето овластено за застапување на подносителот на известувањето;

21) Изјава потпишана од или во име на сите учесници во концентрацијата кои го поднесуваат известувањето со која подносителот/лите на известувањето изјавува/ат дека, според негово/нивно мислење и верување, информациите дадени во известувањето се вистинити, точни и целосни, дека се доставени вистинити и комплетни документи во оригинал, односно копија(и) од документите кои се бараат согласно Законот за заштита на конкуренцијата и оваа уредба, дека сите проценки се направени како такви и се негови/нивни најдобри проценки на наведените фактори и дека сите искажани мислења се искрени, како и дека е/се целосно запознат/и со одредбите од членот 61 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата (Прилог 2) и

22) Место и датум на поднесувањето на известувањето.

(10) Согласно член 4 од Уредбата, Комисијата може да побара и доставување на други податоци и документи за кои смета дека би можеле да и помогнат при оценка на концентрацијата. Овие дополнителни податоци и документи, Комисијата може особено да ги побара во случаите кога двајца или повеќе учесници во концентрацијата се ангажирани во деловни активности поврзани со истиот пазар на стоки и географски пазар (хоризонтални односи), при што нивниот заеднички пазарен удел е поголем од 15% и кога еден или повеќе учесници во концентрацијата се ангажирани во деловни активности на пазар на стоки кој е нагорен или надолен пазар во однос на пазарот на стоки на кој учествува било кој друг учесник во концентрацијата (вертикални односи), при што нивните индивидуални или заеднички пазарни удели изнесуваат 25% или повеќе.

***Точност и целосност на податоците и целосност на известувањето***

(11) Податоците наведени во известувањето и прилозите доставени во прилог на известувањето мораат да бидат точни и целосни. Известувањето се смета за целосно доколку ги содржи сите податоци наведени во член 3 од Уредбата и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето (прилозите) наведени во член 5 од Уредбата. Доколку изнестувањето е целосно, Комисијата согласно член 15 став (5) од Законот на подносителот му издава посебна потврда.

(12) Доколку известувањето не ги содржи сите податоци наведени во член 3 од Уредбата и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето (прилозите) наведени во член 5 од Уредбата ќе се смета дека доставеното известување е нецелосно и Комисијата за ова писмено (со допис или во електронска форма) ќе го извести подносителот на известувањето.

(13) Во случај подносителот на известувањето, од оправдани причини и покрај направени напори, не бил во можност да прибави некои од задолжителните податоците или прилози од член 3, односно член 5 од Уредбата, тоа писмено ќе го утврди на соодветно место во известувањето со наведување:

- од кого и кога се обидел да ги прибави податоците,
- причините заради кои не можел да ги прибави податоците, односно прилозите,
- каде и од кого би требало Комисијата да ги прибави податоците, односно прилозите кои недостасуваат;

(14) Дополнително, Комисијата може од подносителот на известувањето, наместо податоците кои недостасуваат, а за кои истиот постапил согласно парграф (13) од овоие Насоки, да побара да достави во писмена форма негови анализи и проценки на состојбата и ситуацијата на која се однесуваат податоците кои недостасуваат.

(15) Материјалните промени во фактите содржани во известувањето, за кои дополнително се дознава откако известувањето било поднесено до Комисијата, а кои подносителот на известувањето ги знаел или морал да ги знае, или пак, било кои нови информации за кои се дознава по поднесувањето на известувањето, а кои подносителот ги знаел или морал да ги знае и кои би биле содржани во известувањето доколку за нив се знаело во моментот на поднесување на известувањето, ќе бидат доставени до Комисијата без одлагање. Во случаите, кога овие материјални промени или нови информации може да имаат значително влијание врз оцената на концентрацијата, Комисијата може да го смета известувањето за целосно од датумот на кој што дополнителните релевантни информации се доставени до Комисијата. Комисијата, без одлагање писмено ќе го информира подносителот на известувањето или неговите претставници за наведеното.

**Прилог 1**

**До: Комисија за заштита на конкуренцијата**
**Ул.Свети Кирил и Методиј бр.54 Скопје**

**Број: _________**
**Датум:__________**

# Известување за концентрација

______________________________________________________________________________________

(*се впишува називот и седиште на подносителот на известувањето*)
**врз основа на обврската утврдена во член 15 од Законот за заштита на конкуренцијта („Службен весник на РМ“ бр.145/1о и 136/11), а заради исполнетост на условите утврдени во член 12 и член 14 од истиот Закон го поднесува ова известување за концентрација помеѓу:**

______________________________________________________________________________________
______________________________________________________________________

(*се впишува називот и седиштето на стекнувачот на контрола и називот и седиштето на субјектот над кој се стекнува контрола*).

**Во продолжение ова известување за концентрација ги содржи сите податоци утврдени во член 3 од Уредбата за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето („Службен весник на РМ“ бр.44/12), пополнето согласно овие Насоки за начинот на поднесување и пополнување на известување за концентрација на Комисијата за заштита на конкуренцијата.**

**Прилози кои се доставуваат кон известувањето согласно член 5 од Уредбата за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето:**

**1) извод од трговскиот регистар при Централниот регистар или други регистри на правни лица од кој се видливи податоците за називот, седиштето и предметот на работење на подносителот на известувањето;**

**2) извод од трговскиот регистар при Централниот регистар или други регистри на правни лица од кој се видливи податоците за називот, седиштето и предметот на работење на сите учесници во концентрацијата;**

**3) полномошно ако известувањето се поднесува преку полномошник;**

**4) примерок од оригиналот од правната работа што е основ на концентрацијата или заверен препис, со заверен превод на македонски јазик**

**5) детални годишни финансиски извештаи за учесниците во концентрацијата за деловната година што и претходи на концентрацијата.**

**6) сите расположиви анализи, студии, прикази и други извештаи подготвени од или за било кој член на управниот, надзорниот одбор или претседателот и/или членовите на собранието на акционери чиј предмет е проценка и анализа на концентрацијата од гледна точка на конкуренцијата, потенцијалот за раст на продажбите или проширување на други пазари на стоки и други географски пазари, како и проценки и анализи на општите пазарни услови;**

**7) графички приказ (диаграм) на организационата структура на учесниците во концентрацијата и поврзаните друштва**

**8) извештај за страшките и економските причини за настанување на концентрацијата;**

**9) одлуки на други тела овластени за оценка на концентрацијата надвор од територијата на Република Македонија до кои е поднесено барање за оценка на концентрацијата односно доказ дека такво известување е поднесено.**

**(Прилозите под точка 1, 2 и 5 за претпријатијата – учесници во концентрацијата кои се регистрирани во Република Македонија доколку не се достават со известувањето за концентрација согласно Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на РМ“ бр.79/13) ќе ги прибави Комисијата за заштита на конкуренцијата, при што согласно член 5 од наведениот Закон Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе го наплати надоместокот за издадениот доказ и податок во име и за сметка на Централниот регистар во висина утврдена во тарифникот на Централниот регистар[6]).**

[6] Детали за начинот на плаќање може да се добијат во Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Прилог 2**

**И З Ј А В А**

Подносителот/лите на известувањето ....................................................................... изјавувам/ме дека, според мое/наше мислење и верување, информациите дадени во ова известување се вистинити, точни и целосни, дека се доставени вистинити и комплетни документи во оригинал, односно копија(и) од документите кои се бараат согласно Законот за заштита на конкуренцијата и оваа уредба, дека сите проценки се направени како такви и се мои/наши најдобри проценки на наведените фактори и дека сите искажани мислења се искрени.

Изјавувам/е дека сум/сме целосно запознат/и со одредбите од членот 61 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Место и датум:

Потписи:

Име/имиња и функции:

Во име на: